## ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ПОВРЗАНИ СО ПРИМЕНАТА НА ПРИЛАГОДЛИВИТЕ КАМАТНИ СТАПКИ ВО ПОРТФОЛИОТО НА БАНКАРСКИ АКТИВНОСТИ

**Прашање: Во врска со дописот на гувернерот на Народната банка бр. 31522 од 21.10.2016 година, каков би бил третманот на веќе склучените договори за кредити и депозити коишто имаат фиксна каматна стапка којашто по извесен период се менува во прилагодлива каматна стапка?**

**Одговор:** Народната банка очекува дека банките ќе преземат активности за ревидирање на интерните акти заради целосно исклучување на примената на прилагодливите каматни стапки во **новите договори** за кредити и депозити, како во односите со правните, така и во односите со физичките лица. Оттука, се очекува дека растот на салдото на позициите со прилагодливи каматни стапки во образецот ПКС – Извештај за промена на економската вредност за позиции од портфолиото на банкарски активности со прилагодлива каматна стапка, ќе биде поврзан исклучиво со ефектот од веќе склучените договори врз основа на кредити и депозити со фиксна каматна стапка којашто по извесен период се менува во прилагодлива каматна стапка.